Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија “ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број 4/03, 2/06,15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

О д л у к а
за организирање јавна анкета и јавна презентација на АУП за промена на граници на ГП 1.19 и ГП1.20, дел од блок 19, УЕ2, Општина Струмица

Член 1

Се организира јавна анкета и јавна презентација на АУП за промена на граници на ГП 1.19 и ГП1.20, дел од блок 19, УЕ2, Општина Струмица**,** со површина од 5738м^2. кој граничи:

- од северната страна со магистралниот пат М6 кон Р.Бугарија;
- од источната страна со КП7428/2 и КП7426/1”;
- од западната страна со ул„бр.205”;
- од јужната страна со ул„бр.103”.

Член 2

Одлуката за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи ,на ВЕБ страницата на Општина Струмица – е-урбанизам, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Член 3

Јавната анкета ќе трае од 31.08.2020 година до 04.09.2020 година,а јавната презентација ќе се одржи на ден 03.09.2020 година во 11:30 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34.

Член 4

АУП на дел од блок 19, УЕ2, Општина Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34.

Член 5

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок преку анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.09-4878/2
24.08.2020 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски